Врз основа на член 191, став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), и во врска со член 313 и 316 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) како и член 10 ставови (6) и (8) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 93/21 и 111/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 јули 2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Со ова решение важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 89/17 („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/17, 150/17 и 108/18 „Службен весник на Република Северна Македонија“ 260/21, 272/21 и 184/22), на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово за хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река“ со реф.бр. 104, се продолжува до 4 август 2026 година согласно Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр.12-885/1 од 28.01.2011 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија претставувана од Сања Божиновска, Министер за енергетика, рударство и минерални суровини со бр.12-1106/8 од 3 јуни 2026 година и Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово со бр.03-1/1 од 3 јуни 2026 година со кој е продолжен рокот за започнување со комерцијална работа на објектот.
2. Ова решение се доставува до Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, со седиште на ул. „Илинденска” бр.309-кат.6 Тетово, согласно член 10 став (2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа на 10 август 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река“ со реф.бр. 104 со планирана моќност од 1240 kW и со локација на водотекот на Габровска река, с. Доброште, Општина Теарце на Друштвото за

производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, УП1 бр.08 -89/17 од 10 август 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 26.07.2017 година одржа седница на која донесе Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река" со реф.бр. 104, со планирана моќност од 1240 kW и со локација на водотекот на Габровска река, с. Доброште, Општина Теарце, на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, со седиште на ул. ЈНА бр. 18, Тетово, УП1 бр. 08-89/17 од 26.07.2017 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија" бр.96/17.

Регулаторната комисија за енергетика на 17.10.2017 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река" со реф.бр. 104, со планирана моќност од 1240 kW и со локација на водотекот на Габровска река, с. Доброште, Општина Теарце на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, со кое важноста се продолжува до 23.05.2018 година (согласно Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија склучен помеѓу Министерство за економија со бр. 12-4745/1 од 04.10.2017 година и Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово со бр.0306-1/12 од 04.10.2017 година во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот се продолжува до 23.05.2018 година), УП1 бр.08-89/17 од 17.10.2017 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија" бр.150/17.

Регулаторната комисија за енергетика на 07.06.2018 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река" со реф.бр. 104, со планирана моќност од 1240 kW и со локација на водотекот на Габровска река, с. Доброште, Општина Теарце на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, со кое важноста се продолжува до 18.12.2018 година (согласно Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија склучен помеѓу Министерство за економија со бр. 12-3549/1 од 30.05.2018 година и Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово со бр.0306-14/5 од 31.05.2018 година во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот се продолжува до 18.12.2018 година), УП1 бр.08-89/17 од 07.06.2018 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија" бр.108/18.

Регулаторната комисија за енергетика на 18.11.2021 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река" со реф.бр. 104, со планирана моќност од 1240 kW и со локација на водотекот на Габровска река, с. Доброште, Општина Теарце на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, со кое важноста се продолжува до 2 декември 2021 година (согласно Известување бр.12-4250/4 од 2 ноември 2021 година од Министерството за економија, во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот е продолжен до 2 декември 2021 година), УП1 бр.08-89/17 од 18.11.2021 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.260/21.

Регулаторната комисија за енергетика на 2.12.2021 година одржа седница на која донесе Решение за изменување и продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на

енергија за хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река“ со реф.бр. 104, со планирана моќност од 1240 kW и со локација на водотекот на Габровска река, с. Доброште, Општина Теарце на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, со кое измени седиштето на друштвото од седиште на ул. ЈНА бр. 18 Тетово“ со седиште на ул. Илинденска бр.309-кат.6 Тетово и се продолжи важноста до 2 мај 2022 година (согласно Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија склучен помеѓу Министерство за економија со бр. 12-4796/1 од 25.11.2021 година и Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово со бр.0307/72 од 25.11.2021 година, во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот е продолжен до 2 мај 2022 година), УП1 бр.08-89/17 од 2.12.2022 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 272/21.

Регулаторната комисија за енергетика на 15.08.2022 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река“ со реф.бр. 104, со планирана моќност од 1240 kW и со локација на водотекот на Габровска река, с. Доброште, Општина Теарце на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, со кое важноста се продолжува до 19 август 2022 година (согласно Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија склучен помеѓу Министерство за економија со бр. 12-2355/4 од 16.05.2022 година и Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот е продолжен до 19 август 2022 година), УП1 бр.08-89/17 од 15.08.2022 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.184/22.

Во однос на поднесеното Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река“ со реф.бр. 104 на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово УП1 бр.08-89/17 од 10 август 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика на 19 август 2022 година донесе Решение за запирање на постапката се до добивање мислење од Владата на Република Северна Македонија односно надлежното Министерство дали рокот за почеток со комерцијална работа на хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река“ со реф.бр. 104 ќе биде продолжен односно дали ќе биде склучен нов анекс на договорот за концесија.

Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово на 6 јули 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр.12-885/1 од 28.01.2011 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија претставувана од Сања Божиновска, Министер за енергетика, рударство и минерални суровини со бр.12-1106/8 од 3 јуни 2026 година и Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово со бр.03-1/1 од 3 јуни 2026 година, со кој е продолжен рокот за започнување со комерцијална работа на објектот до 4 август 2026 година.

По доставената документација од 7 јули 2026 година, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата „МХЕ Габровска Река“ со реф.бр. 104 е комплетно и оправдано, и ја продолжи постапката со одржување на седница на којашто се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-89/17**
**9 јули 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**